Број 19 Година XIV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2020

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување награди по конкурсот за избор на најдобро прозно или поетско дело и определување награди по конкурсот за избор на најдобар цртеж на тема 1.„Што сонуваат децата“ и тема 2.„Училиштето од моите соништа“, за учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлуката за определување награди по конкурсот за избор на најдобро прозно или поетско дело и определување награди по конкурсот за избор на најдобар цртеж на тема 1.„Што сонуваат децата“ и тема 2.„Училиштето од моите соништа“, за учебната 2020/2021 година, донесена на четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 3 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6979/1**
**Датум:04.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 9.Одбележување на роденденот на Општината од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 24/2019, 16/2020), Одлуката за давање согласност за објавување на Конкурс за избор на најдобро прозно или поетско дело на тема 1.„Што сонуваат децата“ и тема 2. „Училиштето од моите соништа“ и Конкурс за избор на најдобар цртеж на тема 1.„Што сонуваат децата“ и тема 2.„Училиштето од моите соништа“ за учебната 2020/2021 година бр.09-6226/7 од 29.10.2020 година и предлогот од Комисијата од 02.11.2020 година, Советот на Општина Карпош, на четириесет и шестата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување награди по конкурсот за избор на најдобро прозно или поетско дело и определување награди по конкурсот за избор на најдобар цртеж на тема 1.„Што сонувааат децата“ и тема 2.„Училиштето од моите соништа“, за учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат следните места и награди:

ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС

- 1 место – ЛАРА СТАНЧЕВА од ООУ „Лазо Трповски“ – 6.000,00 (шест илјади) денари
- 2 место – ЈАНА КОЦЕСКА од ООУ „Петар Поп Арсов“ – 4.000,00 (четири илјади) денари
- 3 место – ЕРЗАНА САЛИУ од ООУ „Братство“ – 2.000,00 (две илјади) денари

ЛИКОВЕН КОНКУРС

- 1 место – ДОРИС ГЕРАКАР од ООУ „Петар Поп Арсов“ – 6.000,00 (шест илјади) денари
- 2 место – АНА АНДРЕСКА од ООУ „Петар Поп Арсов“ – 4.000,00 (четири илјади) денари
- 3 место – МОНИКА ТРАЈКОВСКА од ООУ „Димо Хаџи Димов“ – 2.000,00 (две илјади) денари

**Член 2**

Средствата дефинирани во член 1 на оваа одлука се предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе поединечни решенија.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањто, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6900/4**
**Датум:03.11.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за определување награди по конкурсот за избор на најдобро прозно или поетско дело и определување награди по конкурсот за избор на најдобар цртеж на тема 1.„Што сонувааат децата“ и тема 2.„Училиштето од моите соништа“, за учебната 2020/2021 година, со Заклучок за објавување

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**